*Маргарита ПЕШЕВСКА* **УДК: 327.51/.55(100)**

# ОДНОСИТЕ МЕЃУ ГОЛЕМИТЕ СИЛИ НЕПОСРЕДНО ПО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА - СТУДЕНА ВОЈНА

**_Кратка содржина_**

*Студената војна е период на воени тензии во светот по Втората светска војна меѓу земјите од т.н. западен свет предводени од САД и нивните НАТО-сојузници и комунистичкиот свет, предводен од СССР и од неговите сателитски држави и сојузници. Ова започнува по успехот што го постигна антихитлеровската коалиција во време на војната против нацистичка Германија и другите нејзини сојузници. САД и СССР по војната станаа две суперсили кои имаа суштински политички и економски разлики. СССР по војната го создаде Источниот блок со земјите кои ги окупира и направи сателитски држави од нив. Во време на студената војна, немаше глобален судир, бидејќи и двете страни имаа нуклеарно оружје и неговата употреба би довела до уништување на човештвото. Затоа оваа војна не е политичка во техничка и правна смисла, ниту, пак, мир. Големите сили од позиција на сила ги решаваа проблемите во светот, без да избие општ воен судир. Светот по војната се базираше на меѓусебни обвинувања од страна на двете суперсили со што искажуваа недоверба. САД го обвинуваа СССР за насилно ширење на комунизмот, а пак СССР ги обвинуваа САД за империјализам и контрареволуции. Двете страни се обидувале да добијат поддршка од другите земји. Целта била преку повеќе земји-поддржувачи да ги заштитат своите интереси.*

**_Клучни зборови_**: *СТАЛИН, ЧЕРЧИЛ, САД, СССР, ВЕЛИКА БРИТАНИЈА, СТУДЕНА ВОЈНА, БЛОКОВИ, КОРЕЈА, КИНА*

По Втората светска војна, дојде до промени во геополитичката карта на светот, пред сè, во Европа. Велика Британија, која директно беше вклучена во војната, како резултат на германските бомбардирања имаше големи материјални и човечки загуби. Таа по војната беше принудена да бара помош од САД, а Франција и Италија ја изгубија надмоќноста во Европа. Тие го изгубија статусот на големи сили што го уживаа пред војната. Обидите Германија да стане господар на Европа и на Јапонија на Далечниот Исток пропаднаа. Останаа САД и СССР кои можеа по војната да се вбројат во големите сили. Во време на војната некои американски планери предвиделе дека „Соединетите Држави и Советскиот Сојуз ќе бидат единствени воени сили од прв ред. Во секој случај, до тоа дојде како комбинација на географската положба,

големината и огромниот вооружен потенцијал“.[1] САД излегоа од војната побогати. Нивната територија не беше разурната поради оддалеченоста на територијата од воените жаришта. Таму немаше цивилни загуби, па не беше загрозен човечкиот потенцијал. Економијата е поттикната од намирувањето на долгот на должничките земји кои во текот на војната се задолжуваа кај Американците. Нивните златни резерви изнесуваа 22 милијарди долари или две третини од вкупните светски златни резерви (33 милијарди).[2] Во тоа време тие имаа атомска бомба (иако тие немаа голем арсенал на оваа бомба, имаа монопол на ова оружје). Западна Европа, која беше политички и економски ослабена од стравот од СССР, за кратко време беше ставена под американска доминација.[3] Ајзенхауер за ова ќе рече: „Се собраа силите на доброто и на злото, се вооружија и се спротивставија едни на други, како ретко во историјата. Слободата се бори со ропството, светлината со темнината. Единствена земја која можеше да ја загрози американската доминација во светот беше СССР“.[4] Тој излезе од војната како голем воен победник, Црвената армија уништи 506 германски дивизии и од 13,5 милиони германски жртви и заробеници, 10 милиони беа на територијата на СССР. Тој по војната успеа територијално да се прошири и стана господар на поголем дел на Европа преку влијанието во источноевропските земји. Железната завеса им послужи на Русите да владеат со помош на кадрите на КП и на полицијата. СССР излезе како голем морален победник од војната, но неговата економија беше разурната и значително заостануваше од САД. Исто така, имаше големи загуби на население на фронтот и цивилно население, пред сè, машко население, што доведе до голема нерамнотежа меѓу половите и промена во демографската структура. Големите материјални штети тешко можеа да се надоместат, пред сè, тоа била инфраструктурата, која сосема била уништена. Голем број градови и села биле уништени, а населението немало каде да живее. Начин да се ублажи кризата била наплатување на репарации од делот на Германија, која падна во советската окупациска зона. Советите ги наплаќале репарациите преку пренесување машини, фабрики и друго од окупациската зона.

Почетокот на студената војна тешко може да се утврди. Истакнатиот американски дипломат и специјалист за СССР, Чарлс Болен, истакнува: „Изненаден сум и по малку вознемирен кога гледам кога некои историчари лесно ја прифаќаат тезата дека САД ја започнаа студената војна. Не познавам ниедна друга невистина која би довела до толку штетни последици. Иако студената војна меѓу САД и СССР не прерасна во вистинска војна, неколку пати бевме сосема блиску. Прв пат се случи тоа кога Запад почна повторно да ја гради Европа и својот воен сојуз“.[5] СССР преку

[1] M. Matloff, Strategic Planning for Coalition Warfare, 1943-1944 Washington 1959, 523/4 (Според: Pol Kendi Uspon i pad velikih sila, Beograd 1999, 401/2).

[2] Pol Kendi, Uspon i pad velikih sila..., 402/3.

[3] Radovan Vukadinović, Sila i inters - vajnska politika SAD. Centar za kulturnu djelatnost omladine. Zagreb 1972,43.

[4] Pol Kendi, Op.cit., 403.

[5] Charles E. Bohlen, Svjedok povjesti.Zagreb 1976, 265.

својот виден политичар Андреј Жданов, кој во својот говор на основачкиот состанок на Коминформот во 1947 година ја обелоденил својата политика, истакнал: „На едната страна е империјалистички антидемократски табор, а на другата страна - демократски и антиимперијалистички" со што се смета за установување на теоријата на „два табора", која била наспроти железната завеса за која се застапуваше Запад.[6]

Вистинските причини за студената војна лежат во различните системи кои ги граделе САД и Велика Британија, од една страна, и СССР, од друга страна. Двете страни се плашеа од загрозување на сферите на влијанија. Посебно внимание било посветувано на надворешната политика. САД се залагале за целокупност на светскиот политички и економски систем и дека американските интереси не се само во западната хемисфера, туку по цел свет. САД ја третираат неа како свој домен кој има предност во донесување одлуки. Овој концепт изгледал универзалистички и дека е заснован на демократски избор на народите на самоопределување. Но, во периодот непосредно по војната, се виде дека има големи отстапувања, бидејќи станува збор за американска контрола во Латинска Америка, Пацифик и во Европа.

Сојузникот на САД на Запад, Велика Британија, како најголема колонијална сила во 19 и во почетокот на 20 век, излегла од војната како губитник. Таа иако беше победничка земја, поради економските тешкотии почнала да му го отстапува водечкото место во светот на САД. Во војната таа изгубила многу ресурси добиени како најголема империјална сила. Таа изгубила поголем дел од својата професионална армија, а со тоа воената надмоќност во светот. Треба да се истакне дека САД добија примат како поморска сила и ѝ го зедоа тоа место на Велика Британија. Британската Империја ја базираше надворешната политика на т.н. биланс на силите што пропадна војната. Тоа беше резултат на тоа што Британија меѓу двете светски војни водеше политика на попуштање и му дозволи на Хитлер да ги оствари своите мегаломански планови, иако Винстон Черчил се обиде да направи промена во надворешната политика, застапувајќи се за поостри мерки кон Хитлер. Британија се обидела да направи отстапки дури и по нападот на Хитлер на Полска со цел да се избегне конфронтирање. Сепак, преовладала опцијата за воено спротивставување за што се залагал Винстон Черчил. Тој бил противник на комунизмот, и на СССР и на неговиот општествен систем. Неговиот антикомунизам не му помогнал кога се приближувал крајот на војната и победата на антихитлеровската коалиција. Но, неговата омраза спрема комунизмот и СССР ќе доведе да се влошат односите меѓу Истокот и Западот. Односите меѓу големите сили се влошиле кога во светот требало да се воспостави нов светски поредок и сигурносен систем. Велика Бриитанија и СССР единствено биле согласни околу поделбата на сфери на влијанија. На средбата на 9 октомври 1944 година во Москва, Черчил и Сталин ја решиле судбината на народите на Југоисточна Европа. Оваа средба покажа дека универзалноста за која се залагаа основачите на ООН нема да биде остварлива во практика. Целта на секоја земја била да не се откаже од својата моќ, во интерес на човештвото да се откаже од

[6] Luciano Doddoli i Manilio Maradei, Svijet poslje Drugog svetskog rata. Kniga2. Zagreb 2005, str.10.

дел од својата моќ заради заедничко добро. Антикомунизмот на Черчил дошол до израз откако војната заврши повторно.

Во почеток на 1945 година се гледал крајот на војната и било сè појасно дека „кога војната ја води една коалиција, се приближува кон крајот, политичките прашања стануваат сè поважни".[7] Велика Британија се сметала дека е најзаслужна за победата на коалицијата, па сакала да го искористи тоа за доминација во Европа, а пред сè на Балканот и во Југоисточна Европа. Но, на патот ѝ застанал СССР, кој бил заинтересиран за наметнување на доминацијата во Европа. САД не биле многу заинтересирани за планот на Черчил за доминација на овие територии, а од друга страна, СССР е војнички понадмоќен, па Велика Британија не можела да се спротивстави. Черчил знаел дека САД по војната ќе бидат доминантни во светски рамки, а Велика Британија, пак, ќе има тешкотии за зачувување на своите империјални интереси. Победата над германската воена сила носела промени во односите на дотогашните сојузници. Тогаш разликите меѓу комунистичкиот СССР и западните демократии станувале сè поочигледни. Во текот на војната единствена цел била да го уништат заедничкиот непријател - Германија. Комунистичката идеологија на Русите и британскиот империјализам и капитализам во текот на војната не поставија граница во напредување кон светска доминација. Но, како што се приближувал крајот на војната, за Черчил и Велика Британија комунизмот станал светска опасност, па почнал да заговара заеднички фронт, кон Исток.[8]

Кон крајот на април 1945 година било јасно дека советското напредување низ Германија е опасно за интересите на Велика Британија во Југоисточна Европа. Черчил оценил дека советското влијание ќе биде во балтичките земји, цела Германија до окупациската линија, цела Чехословачка, Југославија, Унгарија, Романија, Бугарија и дел од Австрија. Постоела опасност и за влез на советските војски во Грција. Пред Велика Британија се поставило прашањето за Турција и за протоците, за кои постоела, исто така, опасност од советска доминација. Тоа придонесло да почнат сè повеќе да се заладуваат односите меѓу Велика Британија и СССР. По смртта на американскиот претседател Франклин Рузвелт,[9] новиот претседател Хари Труман почнал да води политика за поголемо учество на државата во случувањата во Европа, а пред сè, во Југоисточна Европа.

Черчил, на денот на победата над Германија, истакнал: „Преку ноќ ја снема главната врска на заедничката опасност, која ги соединуваше големите сојузници. Во моите очи советската опасност веќе го замени нацистичкиот непријател. Нашата сила, која помина толку бури, не може повеќе да ги издржи сончевите зраци". Тој додал дека пред крајот на војната го чувствувал советскиот хегоминизам кој се „тркалал по беспомошните земји".[10] При крајот на војната, САД и Велика Британија,

[7] Винстон Черчил, Други светски рат. Книга 6. Београд 1964, 189.
[8] Ibid,410.
[9] Умрел на 12 април 1945 година.
[10] Винстон Черчил, Op.cit.

наместо нацистичка Германија, го добија СССР со својата политика и идеологија, кој агресивно се ширеше во Европа и во Азија.

Идеолошките разлики во дадените услови довеле до конфронтации кои преминаа во студена војна со која беше опфатен светот сè до 90-тите години на XX век.

При посетата на САД, Черчил, иако не бил во својство на британски премиер, одржал говор на Универзитетот во Фултон, во присуство на американскиот претседател Хари Труман, во кој го обвинил СССР за мешање во внатрешните работи на источноевропските земји и за воведување тоталитаристички режими во овие земји. Тој тогаш го промовирал изразот „железна завеса", која треба да се повлече од Шчечин на Балтичко Море до Трст на Јадранско Море, со Европа што би се поделила на слободен свет и на „свет зад железната завеса". Во говорот тој напомнал дека комунистичките петти колони работат против христијанската цивилизација, на кои треба да им се одговори со спротивставување. Во интервју за весникот „Правда", Сталин го оценил овој говор на Черчил како опасен акт за да се посее раздор меѓу сојузничките држави. Меѓу другото, тој изјавил: „Во суштина, г. Черчил стои сега на позиција предизвикувач на војна. Без сомнение дека ставот на г. Черчил е став за војна, повик за војна против СССР".[11]

Една година по говорот на Черчил, американскиот делегат во ООН, Бернард Барух, го употребил изразот „студена војна". Односите меѓу Истокот и Западот сè повеќе се заладуваа, обидите да се постигне некаков договор не беа успешни. Секоја средба завршувала уште на почетокот со напуштање на состанокот на делегатите од едната или од другата страна.

Вистинските причини за студената војна се различните системи што биле изградени во САД и во СССР. САД ја застапуваа тезата дека американските интереси во повоениот свет не треба да се ограничени само на западната хемисфера, дека тие се протегаа на сите делови на светот, кои се оценети од САД дека се нивни интересни зони. Оваа концепција е универзалистичка, заснована на демократија и самоопределување на народите. САД ја сметале западната хемисфера во свој досег на интерес, каде што можеле самостојно да одлучуваат во донесување одлуки. Во САД се развиле разни теории со кои требало да се спречи СССР во неговата експанзија. Тогаш потекнал и изразот containment.[12] Но, и покрај овие чекори што биле преземани од Запад, СССР брзо воспоставил сателитски режими. Во овие земји, СССР преку партиските кадри воспоставил режими на т.н. народни демократии.

Сталин многу внимателно настапувал на надворешен план кога станувало збор за сферите на влијанија за кои се договорил со Черчил во 1944 година во Москва, пред сè, за сферите на влијание на Велика Британија во Грција. Тој брзо се повлекол од своите аспирации во Иран, кога бил критикуван од САД и од Велика Британија. Иако имал амбициозни планови, сепак, не се брзал да преземе некои ризични чекори. Тоа било и официјална политика на државата, што се гледа и од

---

[11] Свет после Другог светског рата. Книга 1. Београд 1975,345/6) .

[12] Опкружување, задржување, кочење на советската експанзија.

изјавата на министерот Вјечеслав Молотов кога вели дека советската идеологијата советувала агресивни операции кога тоа било можно, а кога не било можно, Советите се повлекувале. Но, отпорот на Западот бил слаб кон источноевропските земји и таму Сталин воспоставил сателитски држави, каде што имал единствено барање – „апсолутно потчинување“. По победата над Германија, почнале да даваат сè поголем отпор. Сталин оценил дека неговата власт во источноевропските земји не е секаде добредојдена. Повеќето од земјите почнале да даваат поддршка за сопствените режими, па Сталин требал да вложи напори да ја зацврсти авторитативната власт преку примена на репресивни мерки.

САД и СССР поминале различни патишта додека обезбедиле доминација во светот преку создавање современи империи. СССР станал империја по победата над нацистичка Германија и преку борбата со сојузниците од антихитлеровската коалиција да не бидат загрозени советските интереси. САД го направија тоа на друг начин. Втората светска војна им овозможи на САД да станат најјака економска и воена сила.[13] Тие почнаа да ја контролираат повоената обнова на Западна Европа. Идеологијата на претседателот Вудро Вилсон, преку програмата од 14 точки за правото на народите на самоопределување и антиколонијализмот, и самоопределувањето на Рузвелт, содржано во Атлантската повелба, имале симпатии во цел свет.

Изолационизмот, за кој се залагаа САД во периодот пред војната, беше оценет како погрешен и се замени со водечка улога во меѓународните односи. Тие сакаа да ја остварат оваа водечка улога преку ООН, при што би се потпирале на принципите на Лигата на народите и формирање ред економски институции за економски просперитет. Но, СССР се спротивставил на овие предлози на САД и на Велика Британија. Тој сметал дека со вакви институции овие земји ќе наметнат своја визија за изградба на повоениот свет. САД биле зачудени дека овие предлози за просперитет не биле прифатливи за СССР и за други земји

По одбивањето на СССР да се приклучи на овој концепт, предложиле нов план за меѓународен економски поредок. Новиот план се базирал на Маршаловиот план, со цел да се зачува светот од нова војна. Целта била да се воспостави рамнотежа на силите. За да се постигне тоа, требало да се обнови Европа, која беше разурната од војната во корист на Западна Европа, а против СССР. Овој концепт се базирал на „економска интеграција“ и „политичко самоопределување“. Маршаловиот план немал глобален карактер, туку регионален. Преку стопанскиот развиток требало да се поттикне демократијата. Но, главна цел била да се обезбеди американската доминација во сферата на влијанија каде што претендирале САД. СССР инсистирал да создаде центар на моќ со сателитските држави, додека САД се залагале за независни центри во Азија и во Африка. Оттука, оцената дека САД не сакале да создадат империја која би го презела водството на поголем дел од светот, како што барал Сталин.

[13] Pol Kendi, Uspon i pad Velikih sila. Beograd 1999.327-333.

Сталин немал успех во управувањето со земјите кои ги имал под свое влијание. Тој немал слух за народите со кои управувал и барал слепо да го следат советскиот модел, што довело до појава на отпор кај овие земји. Особено голем отпор имало во Југославија. Сталин во 1948 година ја обвинил дека нема слух за страдањата на војниците на Црвената армија во Втората светска војна. Југославија се сомневала во начинот на управување со меѓународниот комунизам од страна на Москва. Вакви проблеми имало и кај другите држави кои биле под советско влијание. Особено тоа се манифестирало во советската окупациска зона во Германија. Сталин ја обвини Југославија дека не ги почитува правилата за послушност што ги барал од сојузниците. Сталин се мешал во обидите да се создаде федерација меѓу Југославија и Бугарија, во почеток ја поддржал оваа идеја, потоа ја релативизирал. Во кризата во Трст, тој наредил Југославија да се воздржи од воени акции. Во почетокот ја поддржал идејата за федерација меѓу Југославија и Албанија за подоцна да ја отфрли. Исто така, го поддржал герилското движење во Грција за потоа да ѝ нареди на Југославија да престане со помош на грчката герила.[14] Ова покажува дека Сталин немал намера директно да се судри со САД и со Велика Британија. Ваквата политика Сталин ја спроведувал и во односите со западните комунистички партии (Франција и Италија).

До пресвртница во оваа политика на доминација на Сталин довел Маршаловиот план за обнова, кој се однесувал на сите земји од Европа што претрпеле штети од војната. СССР сметал дека САД ќе му понудат на СССР помош во кредити за обнова. Тој бил заинтересиран за овие кредити. Молотов во 1945 година побарал од САД да му дадат кредити на СССР за да не се предизвика криза во капиталистичкиот свет. Сталин му дозволил на Молотов и на претставници на источноевропските земји да учествуваат на состанок на стопански експерти во Париз. Но, потоа се исплашил дека ќе го прифатат предлогот на Запад за економска помош и во текот на конференцијата им наредил да се повлечат. Тој почнал да ги убедува овие земји дека САД преку овој план сакаат да му нанесат штета на СССР за да ја зацврсти антикомунистичката коалиција. Било оценето дека преку средствата понудени со Маршаловиот план се сака да се влијае во советската сфера на влијание, притоа се повикал на марксистичките анализи за колапс на стопанството на Запад и можен судир меѓу Британија и САД. Интересен е предлогот од 1947 година кога понудил создавање воен сојуз со Велика Британија. Идеологијата го однела Сталин во романтизам и бил далеку од реалноста. Во Велика Британија бил одбиен овој предлог на Сталин, зашто се сметало дека поголема опасност за неа е СССР и комунизмот.

САД покажале поголема флексибилност кон наметнување на својата политика во меѓународните односи, пред сè, во Европа. Тие покажале поголеми обѕири кон внатрешната политика на своите сојузници. Се добивало впечаток во некои случаи дека Американците не водат главен збор во меѓународните односи,

[14] B. Neumann, The Sovetien Union and Easter Europe (1945-1989). St. Martin Pres, NY 1994,26-46.

туку Британците. Тие, пак, се залагале САД да преземат построги мерки спрема СССР и неговата експанзија во светот. Во 1947 година, Велика Британија ја прекинала помошта кон Грција и Турција и побарала САД активно да се вклучат во настаните на Источното Средоземје. По објавувањето дека се повлекуваат британските трупи кои дотогаш го штитеа монархофашистичкиот режим од Грција, свои војски испратија Американците. За таа цел, Труман добил средства од Сенатот. Ова барање го изложил самиот претседател за да се даде поголема важност на ова ангажирање во Грција. Во говорот тој истакнува: „Уверен сум дека политиката на Соединетите Држави треба да им помага на слободните народи кои се борат против обидите на насилство на вооружените малцинства или притисок однадвор“.[15] Оваа програма, позната како „Труманова доктрина“ се однесувала и на Турција. Во овие две земји биле испратени 400 милиони долари за да се зацврстат режимите, за кои се сметало дека СССР има интерес да излезе на Средоземјето. По пристигнувањето на американската воена и финансиска помош, беше победена Демократската армија на Грција. По добивање на помошта, Турција, исто така, успеа економски да зајакне.[16]

Студената војна до крајот на 1948 година се префрли во Азија. Тоа влијаело на стратегиските интереси на Вашингтон и на Москва. Тие покажале аспирации кон Азија по војната. САД имале аспирации да станат господари на Јапонија. По војната, таму имало окупациски сили на САД. СССР, со одлуките на Конференцијата во Јалта, имал право да ги користи пристаништата и железничките пруги во Манџурија, како што се Сахалин и Куралски Острови. САД и СССР ја поделиле Кореја и имале право да држат воени сили. Во почетокот Сталин го поддржувал Чан Кајшек во Кина и се залагал да постигнат спогодба со кинеските комунисти, не сакајќи да ги предизвика САД, кои биле помоќни во Азија. Тој сметал дека Чан Кајшек полесно ќе му направи територијални отстапки што му биле ветени од Рузвелт во Јалта. Кинеските комунисти ги нарекувал „маргарински“, а тоа се однесувало на оние земји и народи кои не можел да ги контролира. Оценил дека вистинските револуции можат да почнат ако не се раздвижени од Москва. Но, откако оценил дека во Кина се подготвува комунистички преврат, ја признал грешката и застанал на страна на Мао Цедунг.

Кинезите биле во ситуација да ја поттикнат студената војна во Азија. Во 1949 година комунистите на чело со Мао Цедунг дојдоа на власт. Мао од идеолошки причини сметал дека Американците ќе ја нападнат НР Кина. Затоа тој бил заинтересиран НР Кина да ја вклучи во советската сфера на влијание. Северна Кореја ја почна студената војна во Азија со нападот на Јужна Кореја. Овој судир имал влијание на ситуацијата во Европа и во целиот свет. Сталин прифатил да се воспостави демаркациска линија на 38. паралела со што дошло до дефинитивна поделба на две Кореи.[17]

---

[15] Luciano Doddoli i Manlio Maradei, Svjet poslije II svetskog rata. Knjiga druga. Zagreb, 13).
[16] Ibid, 13/4.
[17] Ibid.

Натпреварот меѓу големите сили имал влијание на европските колонијални власти во Јужна и во Југоисточна Азија. Хари Труман ги притискал Британците да ја напуштат Индија, Холанѓаните да ѝ дадат независност на Индонезија, а ги поддржувал Французите да опстојат во Индокина. Хо Ши Мин, кога во 1945 година прогласил независност на Индокина, не бил поддржан од САД.[18]

САД ги поддржувале кинеските националисти на чело со Чан Кајшек. Но, во исто време се обидувале да дојде до соединување на двете страни. За таа цел во 1947 година во Кина дошол американскиот секретар Џорџ Маршал. Целта била комунистите да не потпаднат под влијание на Москва. Стејт департментот сметал дека СССР не е во можност да ги контролира комунистите надвор од неговата држава.[19] Наследникот на Џорџ Маршал, Дин Ачесон, сметал дека виталните интереси на Москва се во спротивност со виталните интереси на Кина. Во 1951 година Стејт департментот поставил приоритетни задачи со цел да се предизвика раздор меѓу Москва и Пекинг. Но, не се успеал во тоа затоа што по мисијата на Маршал, Мао оценил дека САД се главни непријатели на Кинеската револуција. Мао Цедунг. Мао го застапувал овој став затоа што се сметал за марксист, а исто така бил импресиониран од достигањата на СССР. Тој се плашел и од можна интервенција на САД во Кина.[20] Исто така, и СССР имал страв од можна американска интервенција со што тие би станале господари на поголемиот дел на Азија. Но, Сталин оценил дека не е во можност да почне војна за да ги заштити Кинезите. Од 1950 година НР Кина применила тактика навалување кон една страна (СССР), па Хари Труман се повлекол од преговорите со Мао Цедунг. Сталин му рекол на својот амбасадор дека ако социјализмот победи во Кина и ако двете земји се на ист пат, тогаш победата е загарантирана. Договорот што беше склучен во 1950 година меѓу Москва и Пекинг бил сличен на НАТО-пактот, кога Западна Европа ги повика САД да им дадат помош поради комунистичката опасност. Двете страни прифатија договор за т.н. проширено одвраќање за да не избие нова војна.

Двете страни оцениле за судбината на Кореја, дека подобро за нив е да се окупира територијата отколку да си заминат. Во 1945 година било одлучено Кореја да биде под заедничка управа на САД и СССР, слично како Германија. Но, таа немала толкаво стратегиско значење како Германија. Корејската криза покажа како понатаму ќе се одвиваат работите во студената војна. Присуството на една страна на одредена територија ја предизвикувало другата страна да воспостави свое присуство.

Значаен настан во историјата на студената војна е употребата на нуклеарното оружје од страна на САД на 6 август 1945 година во Јапонија. Рузвелт уште во 1941 година заедно со канадските и британските сојузници наредил да се почне итна програма за производство на атомско оружје. Слични планови имале Германија и

[18] J.L..Gaddis, The Long Peace: Inquieres intio the History of the Cold War, Oxford University Press, New York, 1967, 90-91.

[19] Ibid 149-164.

[20] Хари Труман немал намера да интервенира во Кина, некои американски историчари сметале дека Труман му ја препуштил Кина на Сталин.

СССР. Труман подоцна ќе изјави: „Бомбата ја сметав за воено оружје и никогаш немав сомненија во тоа дали треба да се употреби“.[21] Главна цел на употребата на атомската бомба била да се заплаши СССР, кој беше во експанзија во Европа, а тогаш не поседуваше вакво оружје. САД станале велесила која поседува монопол во нуклеарното оружје и имале влијание во цел свет. Труман го известил Сталин за бомбата на Конференцијата во Потсдам. Сталин воопшто не реагирал на оваа вест, но подоцна во разговор со Берија рекол дека Труман сакал да изврши притисок врз СССР и дека тој настапува агресивно.[22]

Во 1950 година САД не биле подготвени за една војна со СССР. Нуклеарното оружје не било уште усовршено, а САД располагале со 14 бомби и 50 недовршени бомби во време на берлинската криза. Од американските стручњаци било оценето дека употребата на оружјето не би довело до советска капитулација, не би дошло до уништување на комунизмот, ниту би ја заслабило советската влада. По оваа оцена Американците почнале да вршат дипломатски притисок за да ги натераат Русите на отстапки. Откако пропаднал обидот за меѓународен притисок, тие почнале да се залагаат за меѓународна контрола преку ООН. Американците го предложиле т.н. Барухов план за контрола на оружјето, што било прифатено од СССР.[23] Труман се залагал за цивилна контрола на нуклеарното оружје за да не се дојде во ситуација некои генерали да одлучуваат за употребата на бомбите. Немало заеднички концепт во американскиот врв како да се реагира во случај да се почне војна со СССР. Според американските историчари, тогаш во САД имало сфаќање дека демократиите не започнуваат војна. Тие во отворена провокација не се закануваат со војна.

Во овој период кога СССР немал нуклеарно оружје, Сталин се обидувал да не покаже страв од САД кои имале монопол. Тој ја водел дипломатијата како да не постои вакво оружје. Позната е неговата изрека дека целта на таквото оружје е „да ги застрашува оние со слаби нерви“.[24] Овие негови тврдења се базирале на извештаите на неговите шпиони во Вашингтон од кои знаел дека нуклеарната моќ на САД е мала. Тој знаел дека САД сè уште не се способни да го нападнат и победат СССР. Поради тоа одобрил блокада на градот Берлин, му дозволил на Ким Ил-сунг да ја нападне Јужна Кореја и да ја почне Корејската војна. Во исто време, тој го критикувал научникот Игор Курчатов зашто неговата земја доцни во изработката на атомската бомба. СССР во 1949 година извршил прва проба на атомска бомба. Не се остварила процената на Труман дека Советите дури по дваесет години би имале атомска бомба. Иако биле преземени некои мерки по советските проби, сепак, САД до 1953 година немале јасна стратегија. По предлог на физичарите, наредил да се произведува ова оружје на база на нуклеарна фузија, а не на фисија. Исто така, се

[21] Richard Rhodes, The Making of the Atomic Bomb, Simon & Shuster, NY 1986,508-509.

[22] Holloway David, Stalin and the Bomb: The Soviet Union abd Atomic Energy,1939-1954, Yale University Press,New Haven, 1994, 116-118.

[23] L.G. Gedher, The Barushe Plan and the Origins of the Gold War. Diplomatic History, Winter 1982, 69-95.

[24] Holloway, Stalin ..,158.

почнало со производство на термонуклеарна бомба со огромна моќ. Во исто време, од буџетот почнале да се одвојуваат огромни средства за конвенционално оружје. Се зајакнале воздухопловните, поморските и копнените сили за да не се многу зависни од атомското оружје. Оцена на воените планери на Москва и на Вашингтон била дека ако дојде до нова војна, таа нема многу да се разликува од Втората светска војна. Нуклеарниот историчар Халовеј оценува дека во секоја идна војна ќе биде употребено нуклеарното оружје, но неговата улога нема да биде одлучувачка. Тоа се покажало во Корејската војна каде што е употребено конвенционалното оружје.[25] Корејската војна подоцна е наречена „ограничена војна". Овој израз ќе се користи за сите други локални и регионални воени судири. Корејската војна ја покажала нуклеарната моќ на САД. Сталин во врска со ова ќе изјави: „Тие (САД) сакаат да го потчинат светот, а не можат да потчинат една мала Кореја. Американците не знаат да се борат... тие ги полагаат своите надежи во својата атомска бомба и во воздухопловната моќ. Но, војната не може да се добие со тоа". [26]

## *Заклучок*

Студената војна ја означува состојбата на заострени односи меѓу големите сили по Втората светска војна. Во историјата имало такви односи слични на студената војна, но по Втората светска војна настанал период кој бил нов квалитет во меѓународните односи. Тие му дале белег на целокупниот историски развој, бидејќи не се однесувале само на меѓународните односи, туку на севкупните политички, економски и општествени односи.

Причини за студената војна се спротивностите на големите сили по Втората светска војна. Тоа е епоха на распаѓање на колонијалните империи и создавање нови држави. Студената војна се развивала околу неколку нерешени прашања, како што се: Берлин, Кореја, Виетнам и други, во кои беа вмешани големите сили штитејќи ги своите интереси со цел да ги прошират сферите на влијанија. Студената војна се води на воен, политички, економски, културен, технички и на други планови. Во светот, по Втората светска војна, се водат голем број регионални и локални судири кои претставуваат пресметка меѓу големите сили.

Студената војна, која е состојба *ни војна ни мир*, наметнала нови проблем на војување. Таа предизвикала и промени во теоријата, политиката и во стратегијата на војување. Опасноста оваа војна да прерасне во општа тотална војна ги натерало големите сили да ги решаваат прашањата, пред сè, преку почитувањето на Повелбата на ООН, надминување на блоковската поделеност и политика на миролубива коегзистенција.

---

[25] Иако американскиот генерал Мак Артур барал во оваа војна да се употреби атомско оружје, САД не ја искористиле предноста во однос на СССР и не го употребиле ова оружје, што подоцна наишло на големи критики

[26] Разговор Чоу Енлај и Сталин, советски стенограми од 20 август 1956; (Според: Zubok&Pleshakov, Insaide the Kremlin s. Gold War, 75)

*Литература*:

Vukadinović Radovan, Sila i inters-vajnska politika SAD.Centar za kulturnu djelatnost omladine. Zagreb 1972;

Gaddis J.L.,The Long Peace: Inquieres intio the History of the Gold War. Oxford UniversityPress, New York, 1967;

Doddoli Luciano i Maradei Manlio, Svjety poslije II svetskog rata. Knjiga I i II, Zagreb;

Kendi Pol Uspon i pad velikih sila, Beograd 1999;

Matloff M., Strategic Planning for Coalition Warfare, 1943-1944 Washington 1959, 523/4;

Пешевска Маргарита Меѓународните односи по Втората светска војна. Скопје 1999;

Пешевска Маргарита, Светот во транзиција. Скопје 2002.

*Margarita PESHEVSKA*

# RELATIONS BETWEEN MAJOR POWERS IMMEDIATELY AFTER THE SECOND WORLD WAR - COLD WAR

***Summary***

*The Cold War was a period of military tensions in the world after the Second World War among the so-called western world led by the USA and its NATO allies and the communist world led by the Soviet Union and its satellite states allies. It began after the success made by the Anti-Hitler coalition against Nazi Germany and its allies. USA and USSR after the War became two super powers which had substantial political and economic differences. USSR after the war created the Eastern Block countries and made satellite states out of them. During the Cold War, there was no global conflict as both sides had nuclear weapons and its use would lead to the destruction of humanity. Therefore this War is not political in technical and legal sense, neither a peace. The large forces from a position of strength resolved the problems without having to break out a general military conflict. The world after the War was based on mutual accusations from both superpowers which expressed uncertainty. USA accused USSR for violent spread of communism and USSR blamed USA for imperialism and counter-revolution. Both sides tried to gain support from other countries. The goal was to protect its own interests through the most countries supporters.*

***Key words:*** *STALIN, CHURCHILL, U.S.A, UNITED KINGDOM, COLD WAR, BLOCS, KOREA, CHINA*